**Автори:** *Јасмина Чаушоска, Даниела Стојанова*
**Дата:** *март 2016 г.*
**ISBN** *978-608-4681-63-2*
**PDF**: potrebite-na-mrezite-i-pridobivkite-od-vmrezuvanjeto.pdf



Создавањето партнерства и јакнењето на вмрежувањето на граѓанските организации е еден од приоритетите на проектот Техничка поддршка на граѓанските организации (ТАКСО). Од овие причини, Македонската канцеларија на ТАКСО и Ресурсниот центар на ТАКСО - Македонски центар за меѓународна соработка, во периодот јули 2015 г. – февруари 2016 г. спроведоа сеопфатна процена на потребите на мрежите кои дејствуваат во Република Македонија, која треба да служи како основа за следните чекори на градење капацитети за вмрежување и партнерство. Оваа проценка се состоеше од анализа на литература, две онлајн-анкети и форум.

Во овој извештај се презентирани наодите од втората анкета со мрежи, спроведена во периодот октомври–ноември 2015 г., како и дел од дискусијата на форумот, одржан во февруари 2016 г.

Во анкетата учествуваа 23 мрежи од вкупно 60 мрежи кои беа идентификувани преку анкетата за идентификација на мрежите во Македонија спроведена во периодот 8 јули – 31 јули 2015 година. Оваа анкета имаше за цел да се констатираат потребите на мрежите во Република Македонија, потребите на нивните седишта и членки, како и помошта која е потребна мрежата подобро да функционира.